Р Е П У Б Л И К А   С Е В Е Р Н А   М А К Е Д О Н И Ј А
**Приватна непрофитна високообразовна установа**
**Самостојна висока стручна школа**
**БИЗНИС АКАДЕМИЈА СМИЛЕВСКИ – БАС**
**Скопје**

# П Р А В И Л Н И К

**за научно-истражувачка работа на БАС**

**Скопје, јули 2025**

Врз основа член 60 став 1 алинеја 1 и алинеја 30 од Статутот на БАС и врз основа на Предлог Правилникот за за научно истражувачка работа на БАС (дел. бр. 02-104/5 од 11.07.2025), Органот на основачи на БАС на ден 14.07.2025 г. година го донесе следниов

# Правилник
# за научно-истражувачка работа на БАС

## 1. ОПШТИ ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

**Член 1**

Овој Правилник ги уредува прашањата поврзани со организацијата, спроведувањето, финансирањето, презентирањето и поттикнувањето на научно - истражувачката работа на Бизнис академија Смилевски - БАС (во понатамошниот текст: БАС), во согласност со Законот за научно-истражувачка дејност, Законот за високото образование и други важечки законски и подзаконски акти.

**Член 2**

Научно - истражувачката дејност е значајна компонента на мисијата на БАС и е насочена кон:

- развој на научната мисла и знаење во подрачјето 5 Општествени науки (според дополнетата Меѓународна Фраскатиева Класификација, сл. вес. 91/2024);
- поддршка на наставниот процес преку научно заснован пристап;
- соработка со стопанството и јавниот сектор;
- поттикнување на иновации и развој на општеството базирано на знаење.

**Член 3**

(1) Наставниот кадар на БАС е должен да врши научни истражувања во согласност со своите професионални способности, работните задачи, потребите на студиските програми и активностите кои произлегуваат од стратегијата за работа на БАС.

(2) Секој член на наставниот кадар ќе биде евалуиран еднаш годишно за неговиот придонес во научната дејност.

**Член 4**

(1) БАС има обврска да обезбеди соодветни услови за научно-истражувачка работа и да даде поддршка на наставниот кадар за спроведување на научни истражувања;

(2) Во БАС функционира политика на еднакви можности за научно-истражувачка работа.

(3) БАС на наставниот кадар и студентите им обезбедува услови за стекнување способност и вештини за вршење на научно-истражувачка работа (методолошка способност), дава континуирана можност за дополнување на наставните дисциплини со научни и практични современи знаења, се грижи за подобрување на квалификациите на академскиот кадар, се грижи за остварување на меѓународна соработка со сродни високообразовни и научни установи како и за организирање на научни собири, симпозиуми, советувања и други видови на собири. За остварување на овие активности БАС создава материјални средства и друг вид поддршка за развој на научната работа.

## 2. НАЧЕЛА И ОБЛАСТИ НА НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКАТА РАБОТА

**Член 5**

Научно-истражувачката работа на БАС се реализира во следните форми:
- основни (фундаментални) истражувања;
- применети истражувања;
- развојни истражувања;
- експертски и консултантски проекти;
- проекти финансирани од национални и меѓународни извори;
- организација и учество на: локални, регионални и меѓународни конференции;
- научно-истражувачки работилници, семинари и сл.;
- други научно-истражувачки активности во областите кои се покриваат со студиските програми на БАС.

ОРГАНИЗАЦИЈА НА НАУЧНО ИСТРАЖУВАЧКАТА РАБОТА НА БАС

**Член 6**

За потребите на научно-истражувачката работа, БАС формира Научно-истражувачки совет, кој ги има следните задачи:
- креира годишна програма за научно-истражувачка работа;
- предлага истражувачки приоритети;
- одобрува и координира истражувачки проекти;
- оценува резултати од спроведени истражувања;
- предлага мерки за поттикнување на научно-истражувачката работа.

**Член 7**

Носители на научно-истражувачката работа се:
- наставниот кадар (професори, виши предавачи и предавачи на БАС);
- истражувачки тимови креирани за потребите на истражувачкиот проект;
- истражувачи во соработка со други научни институции и деловни субјекти;
- студенти на втор циклус студии, под менторство на наставниот кадар.

**Член 8**

(1) Активностите предвидени во годишна програма за научно-истражувачка работа на БАС, треба да обезбедат поврзување на наставата со научното истражување и резултатите кои произлегуваат од истото.

(2) Планирањето на годишната програма за научно-истражувачка работа на БАС се одредува врз основа на потребите за развојот на Р. С. Македонија, потребите на студиските програми за прв и втор циклус на студии, оспособувањето и напредувањето на акедемскиот кадар, расположливите финансиски средства, а во согласност со стандардите, нормативите и правилата за организација и вршење на високообразовната и научно-истражувачката дејност, уредени со Законот за високото образование.

**Член 9**

БАС по пат на Договор за соработка може да спроведува заеднички истражувачки проекти со фондацијата БАС Институт за менаџмент Битола, при што во Договорот посебно се уредува финансирањето и користењето на целокупниот интелектуален и материјално-технички потенцијал на двете организации.

**Член 10**

(1) Квалитетот на научно-истражувачката работа на БАС се оценува согласно Правилникот за стандардите и постапката за надворешна евалуација и самоевалуација, донесени од страна на Агенцијата за квалитет во високото образование.

(2) Резултатите од научно-истражувачките проекти се објавуваат јавно на страната на БАС, а доколку проектот е реализиран во соработка со други организации, тогаш резултатите има право да ги објави секоја страна посебно, доколку со барањата на проектот тоа не е поинаку уредено.

(3) Резултатите од научно-истражувачката работа на БАС, може да се презнетираат од страна на наставниот кадар, кој учествувал во реализицаијата на одреден проект, на конференции, трибини, семинари и други собири.

(4) Резултатите од научно-истражувачката работа на БАС, може да се објавуваат во научни списанија (со или без импакт фактор), зборници од конференции, интерни публикации на БАС електронски бази на отворен пристап и сл.

(5) Наставниот кадар на БАС, кој не учествувал во спроведувањето на одреден научно-истражувачки проект, финансиран од сопствени средства на БАС, има право да ги користи реултатите од проектот, притоа почитувајќи ги правилата за цитирање на истите.

(6) Резултатите од проект, реализиран од наставниот кадар на БАС, остануваат авторско право на БАС.

ФИНАНСИРАЊЕ

**Член 11**

(1) Финансирањето на научно-истражувачката работа на БАС се обезбедува од:

- сопствени средства на БАС;

- домашни и странски донатори;
- меѓународни проекти и фондови (ЕУ програми, ERASMUS+, Horizon Europe и др.);
- партнерски организации и комерцијални извори.

(2) Поддршката и финасирањето за учество на наставниот кадар на БАС во научно-истражувачки проекти е поблиску уредено со Правилникот за плати, награди и други надоместоци на БАС.

(3) Доколку проектот е финансиски поддржан со средства од други донатори, тогаш се почитуваат правилата наведени во проектна апликација.

ПРАВА И ОБВРСКИ

**Член 12**

Наставниот кадар на БАС има право на:
- академска слобода во истражувањето;
- пристап до истражувачка инфраструктура и бази на податоци;
- соработка со партнерските организации на БАС, Универзитети, високи школи, институти и други ВОУ со кои БАС има склучено Меморандум за соработка.

**Член 13**

Наставниот кадар, учесник во научно – истражувачките проекти на БАС, треба ги почитува начелата од Етичкиот кодекс на БАС и Правилникот за издавачка дејност на БАС.

**Член 14**

Во научно-истражувачката работа не е прифатливо измислување (фабрикување) на резултати, односно ширење и објавување на наводни резултати од научно-истражувачка работа, а притоа истата воопшто да не била спроведена.

**Член 15**

Во научно-истражувачката работа, фалсификувањето е недозволиво, односно неприфатливо е делување со кое спротивно на начелата на научна искреност се манипулира со објектот, опремата или процесот, со цел намерно да се поднесат или тендециозно да се протолкуваат резултатите на научното истражување.

**Член 16**

Секоја форма на плагијаторски работи и идеи се смета за повреда на етичкиот кодекс.

**Член 17**

Сите членови на академската заедница кои учествуваат во научно-истражувачката работа на БАС потребно е да гарантираат за оригиналноста на свиоте објавени авторски дела, како и за точноста на наведените информации, за потеклото на идеите и цитатите со кои се користат.

**Член 18**

Се очекува од вработените на БАС да ги наведат и авторите и соработниците во процесот на создавање на научните дела, кои интелектуално придонеле кон истите.

**Член 19**

Треба да се почитува правото на интелектуална сопственост на резултатите од

истражувањата и податоците собрани во текот на истите.

**Член 20**

Не е дозволено споделување, оттуѓување, менување и/или користење на материјали чие авторство се членовите на БАС, без писмена согласност од истите.

**Член 21**

Погрешното претставување на академските постигнувања не е дозволено и претставува сериозно прекршување на начелото за етичко однесување на наставниот кадар на БАС.

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 22**

Измените и дополнувањата на овој Правилник се вршат од страна на Наставничкиот совет на БАС по предлог на Научно - истражувачкиот совет.

**Член 23**

Овој Правилник влегува во сила со денот на неговото донесување

**Орган на основачи:**

**Проф. д-р Цветко Смилевски**

**Виш пред. д-р Горазд Смилевски**

**Цена Смилевска**